
ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА



П Р А В И Л Н И К

ЗА НАТПРЕВАРИ НА ЗОНСКИ,РЕГИОНАЛНИ И ДРЖАВНИ ПРВЕНСТВА И ДРЖАВНИ СПОРТСКИ ИГРИ

Декември 2021 година

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Федерацијата на училишен спорт на Македонија (Во натамошниот текст : ФУСМ) е асоцијација на општинските сојузи за училишен спорт во Република Македонија.

Сите натпревари на ФУСМ треба да бидат во склад со целите и задачите предвидени со Статутот на ФУСМ.

Покрај спортските натпревари, може да се организираат и пријателски средби за продлабочување на социјалните контакти, и други содржини со културно-уметнички карактер.

Исто така, ФУСМ организира спортските натпревари за учениците со посебни потреби од специјалните основни училишта.

Во натпреварувачката, тековна учебна година, Федерацијата на училишен спорт на Македонија организира единствен систем на натпревари со Училишни спортски првенства, кои ќе се реализираат на четири нивоа во спортовите: за основните и средните училишта во машка и женска конкуренција. Сите 80 општини во Република Македонија се поделени во 36 Меѓуопштински натпреварувачки целини групирани во 12 зони и три региони (Источен, Западен и Скопски).

Училишните спортски првенства се составен дел на наставата во форма на активности вон редовната настава на спортските секции и училишниот спортски клуб, согласно Законите за основно и средно образование и Законот за спорт, каде во спортската екипа сите ученици се од истото училиште.

1.2. Видови на натпревари

1.2. 1. ФУСМ организира Зонски и Регионални првенства во кошарка ,футсал, одбојка,ракомет и Државни првенства (ДП) во следните екипни спортови: кошарка, футсал, одбојка, ракомет, фудбал и одбојка на песок, а со посебна одлука на ИО на ФУСМ може да организираат ДП и во други екипни спортови

1.2.2 . ФУСМ организира Зонски и Регионални првенства во кошарка ,футсал, одбојка,ракомет за категоријата 6-7 одделение за кошарка, а со посебна одлука на ИО на ФУСМ, организира и ДП

1.2.3 ФУСМ организира Државни првенства (ДП) и во поединечни спортови и тоа : атлетика, алпско скијање, борење-слободен стил, карате-кати, стрелаштво, спортска гимнастика, пливање, пинг-понг, шах, џудо, бадминтон и кајак, а со посебна одлука на ИО на ФУСМ може да организираат ДП и во други поединечни спортови.

1.2. 4. ФУСМ организира Државни спортски игри (Во натамошниот текст : ДСИ)

- основни училишта ДСИ : Државни спортски игри - во непарните години
- средни училишта ДСИ : ГИМНАЗИЈАДА - во парните години
- на ДСИ може да се организираат и промотивни спортови

1.2..5 ФУСМ организира собири ,без победнички карактер, а тоа се организирани планинарски тури, и велосипедски манифестации, и каравани, по друмски и по планински патишта.

1.2.6 ФУСМ организра натпревари и манифестации од ЗАБАВЕН УЧИЛИШЕН СПОРТ, наменети за учениции од 1-5 одееление

1.2.7 Во вонредни и пандемиски услови, како алтернатива ФУСМ , организира индивидуалн видео- проекциски настани од далечина ,,Мооторички преизвик, и ,,Психологија во спортот,,

1.2. 8. ФУСМ во соработка со Агенцијата за млади и спорт на РМ и Министерството за образование и наука на РМ, организира Државни училишни спортски лиги, во одделни спортови и категории, со посебна одлука на Извршниот одбор на Федерацијата.

ЗОНСКИ УЧИЛИШНИ ПРВЕНСТВА

Зонските училишни првенства се составени од три екипи, односно по една (победничка) екипа од трите Меѓуопштински натпреварувачки целини во една зона и се игра по **ЕДНОКРУЖЕН** бод систем(секој со секого) со вкупно 3(три) натпревари.
Доколку во Зоната, некоја од Меѓуопштинските натпреварувачки целини нема екипа-претставник, тогаш за пополнување на нејзиното место може да има две екипи од една меѓуопштинска целина, на која одлука донесуваат Зонскиот координатор и претставници од двете меѓуопштински целини, и доколку во договорот има потреба од бараж натревар, сите финансиски трошкови се во нивна режија.
Доколку две Меѓуопштински натпреварувачки целини немат екипа-претставник, тогаш Зонскато првенство го сочинуваат трите првопласирани екипи од третата Меѓуопштинска натпреварувачка целина, а доколку од трите меѓуоптински целини има пријавено само една екипа, таа директо се здобива со право на учество на Регионалните училишни првенства. Доколку нема пријавено ниедна екипа од Зоната, Регионалното училишно првенство ,ќе се реализира со три екипи.
Реализацијата на Зонските првества ќе се одвива во месеците: Ноември и Декември
Победничките екипи на Зонските првенства се стекнуваат со право за учество во Регионалните училишни првенства. Доколку првопласираната екипа на Зонското првенство не е во можност да учествува во Регионалното првенство, тоа право го добива второпласираната, односно, третопласираната екипа.

РЕГИОНАЛНИ УЧИЛИШНИ ПРВЕНСТВА

На територијата на Република Македонија Регионални училишни првенства се организираат во трите региони, и тоа за Источен, Западен и Скопски регион. Регионалните училишни првенства се составени од 4 (четири) екипи, односно, во нив учествуваат победничките екипи на четирите Зонски првенства во рамките на еден регион.
Одржувањето на Регионалните првенства ќе се реализира во месеците: Март и Април во тековната учебна година.
Регионалните првенства се играат по елиминационен КУП систем каде паровите се одредуваат со жреб од страна на делегатот, пред самиот почеток на натпреварите, а **се играат вкупно 4(четири) натпревари**.
Доколку на натпреварот има ТРИ екипи, се применува моделот од ЗОНСКИТЕ турнири, секој со секого ,со вкупно три натпревари
Првопласирани екипи на Регионалните првенства, се квалификуваат за учество во Државните првенства. Во зависност од повеќе фактори (пандемија КОВИД 19, финансии и сл.) на Државните првенства, во тековната учебна година, може да учествуваат по една или две првопласирани екипи од Регионалните првенства, со одлука на Извршниот Одбор на ФУСМ
Доколку некоја од првопласирани екипи на **Регионалните** првенства не е во можност да учествува во **Државните** првенства, тогаш тоа право го добива второпласираната односно третопласираната екипа.

УЧИЛИШНИ ПРВЕНСТВА ЗА 6-7 ОДДЕЛЕНИЕ

ФУСМ во претстојната натпреварувачка и учебна 2021-2022 година, ќе организира Училишни спортски првенства и за учениците во 6 и 7 одделение при основните училишта во машка и женска конкуренција, и тоа во спортовите: футсал, кошарка, ракомет и одбојка. Училишните првенства за 6-7 одделение, ќе се реализираат на три нивоа и степени. Првиот степен се ОПШТИНСКИ (Меѓуопштински) првенства во градовите и

поголемите општински сојузи или Меѓуопштински натпревари без лига систем. Вториот степен се ЗОНСКИ првенства составени од три Меѓуопштински натпреварувачки целини - исто како и во категоријата Основни (8-9 одделение) и Средни училишта во рамките на една зона, и третиот степен се РЕГИОНАЛНИ првенства. Зонските и Регионалните првенства за 6-7 одделение, ќе бидат составени и ќе се реализираат на истиот начин како и Зонските и Регионални првенства за постарите категории: основни и средни училишта. Овие училишни првенства за 6-7 одделение, ќе се реализираат во месеците: Март, Април и Мај во тековната учебна годинагодина.

Ангажирање на стручни лица и обврски на одговорните за Зонските и Регионалните првенства

Во секој Регион, **секретарот, зонските координатори и одговорните лица на секоја натпреварувачка целина** вршат непосредна комуникација во организацијата на училишните спортски првенства.

За општинско-меѓуопштинско квалификационо ниво за зонски првенства **одговорните лица на секоја натпреварувачка целина** изготвуваат листи на пријавени училишни екипи, календари и извештаи од натпреварите, и истите ги доставуваат до нивните **зонските координатори**. Зонските координатори сумираните листи, календари и извештаи од својата зона ги испраќаат до **регионалниот секретар**.

За зонски првенства **зонските координатори** изготвуваат листи на пласирани училишни екипи, календари и извештаи од натпреварите, и истите ги доставуваат до нивниот **регионален секретар**.

За регионалните првенства **регионалниот секретар** изготвуваат листи на пласирани училишни екипи, календари и извештаи од натпреварите.

Делегатот е одговорен за регуларноста на натпреварите со идентификација на екипите преку натпреварувачките книшки и евиденција на лекарските прегледи. Веднаш по завршување на турнирот, делегатот испраќа информација за резултатите (со слики од сите екипи во електронска форма) до одговорните лица за информации од ФУСМ. Има улога на "главен судија" и врши исплата на службените лица.

Домаќинот на турнирот обезбедуваат терен, топки, реквизити, записници, редарска служба, лекар на натпревар или лекар на повик, обучено лице за давање прва помош, медиуми и други тековни потреби за екипите на турнирот.

Наставник/професор-тренер (водач на екипата) е одговорен за својата екипа на турнирот и за време на патувањето.

Судија може да биде наставник/ професор, студент од областа на физичкото образование и спортот и лиценциран судија кој ги познава основите на пропозициите и правилата на спортската игра, прилагодени за училишниот спорт.

Записничар, мерач на време може да биде наставик, професор, студент од областа на физичкото образование и спортот или ученик.

Лекар може да се обезбеди на лице место или лекар на повик. Кога неможе да се обезбеди лекар на лице место, тогаш се обезбедува лекар на повик и обучено лице за прва помош на лице место на турнирот.

Секретарот, зонските координатори и одговорните лица на секоја натпреварувачка целина ги определуваат делегатите и службените лица на натпреварите за секој турнир. Службените лица на турнирите, особено домаќините ако не се определат со договор, тогаш се применува извлекување (ждреб).

Изборот на делегатите на турнирите примарно се врши од одговорните лица за училишен спорт и од комисиите по спортови во ФУСМ за фудбал, футсал, ракомет, кошарка и одбојка.

1.3. Календар на натпреварите во ДП и ДСИ

1.3. 1. Натпреварувачката комисија на ФУСМ изработува Предлог-Календар со датуми на одржување на ДП и ДСИ, кој го доставува на разгледување на Извршниот одбор (ИО) на ФУСМ. По усвојување на Предлог-Календарот од Извршниот одбор се испраќа до сите Општински Сојузи, спортски федерации, Агенцијата за млади и спорт, Министерство за образование и наука, како и пишани и електронски медиуми.

Домаќинот се определува по пат на конкурс кој се доставува до општинските сојузи и трае до терминот кој го одредува Извршниот одбор на ФУСМ со посебна одлука.

Општинските сојузи, заинтересирани за организирање на ДП или ДСИ, кандидатурата ја доставуваат до ФУСМ во писмена форма.

Во зависност кој МОДЕЛ, ќе се игра во тековната учебна година, , турнирите ќе се играат во три града ,од секој Регион , по еден, или само во еден град , а доколку се игра МОДЕЛ бр1, се дава можност и на Два и повеќе соседни Општински сојузи и града, можат заеднички да се пријават за домаќини-организатори на Државни спортски игри (ДСИ) за основни или средни училишта, со меѓусебна распределба кои спортови во кој град-место ќе се одржат.

Извршниот одбор на ФУСМ ги разгледува доспеаните кандидатури за домаќин-организатор и донесува одлука за доделување на организација на ДП или ДСИ.

Календарот за натпревари може да се менува по барање на домаќинот-организатор по предходно објективно образложение.

Измените на Календарот за натпревари ги врши Натпреварувачката комисија на ФУСМ со претходна согласност на ИО на ФУСМ, за што навремено во писмена форма ќе ги извести општинските сојузи.

1.3. 2. Ориентационо време за реализација на ДП и ДСИ

- **ДП** во екипните спортови и атлетика да се одржуваат во втората половина од месеците: декември, март, април и мај.
- **ДП** во поединечните спортови треба да се одржуваат во месеците: ноември, декември, февруари и март.
- **ДСИ** (основни училишта) непарни години во втора половина на месец мај.
- **ДСИ - ГИМНАЗИЈАДИ** (средни училишта) парни години во прва половина од месец мај.

1.3. 3. Доколку има потреба, **ДРЖАВНИТЕ ЛИГИ** се организираат по лига-бод систем, а времетраењето на нивното одржување го одредува Извршниот одбор на предлог на Натпреварувачката комисија.

1.4. Техничка организација

1.4. 1. Организациските трошоци за ДП и ДСИ ги покрива ФУСМ.

1.4. 2. За организирање на ДСИ и меѓународни манифестации, Извршниот одбор на ФУСМ формира ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР.

2. КОМИСИИ И ДЕЛЕГАТИ

2.1. Натпреварувачка комисија

2.1. 1. Натпреварувачката комисија ја формира ИО на ФУСМ согласно член 27 од Статутот на ФУСМ.
2.1. 2. Натпреварувачката комисија изработува предлог-Календар за натпревари.
2.1. 3. Натпреварувачката комисија изготвува Пропозиции за натпреварите и истите ги доставува на усвојување на ИО на ФУСМ.
2.1. 4. Натпреварувачката комисија изготвува извештај за реализираните натпревари
2.1. 5. Натпреварувачката комисија назначува делегати за натпреварите

2.2. Делегат

2.2. 1. Делегатот се грижи за регуларноста на натпреварите согласно правилата на соответните спортски сојузи и актите на ФУСМ.
2.2. 2. Делегатот по пристигнувањето на екипите пред почетокот на натпреварите заедно со водачите на екипите (наставниците-професорите) го обавува жребувањето на екипите во две групи и ги утврдуват распоредот и саатницата на натпреварите.
2.2. 3. Делегатот ги проверува лиценците на судиите
2.2. 4. Делегатот ги определува судиските парови на натпреварите
2.2. 5. Делегатот изготвува извештај за натпреварите, со оценка за судиите, водачите на екипите(наставници), публиката и навивањето, и го доставува до Натпреварувачката комисија на ФУСМ.
2.2. 6. Делегатот го оценува однесувањето на сите службени лица.

2.3. Регистрациона комисија

2.3. 1. Регистрационата комисија ја формира ИО на ФУСМ согласно член 27 од Статутот на ФУСМ.
2.3.2. Регистрационата комисија предлага Пропозиции за право на учество на натпреварите
2.3. 3. Предлага натпреварувачка книшка за учество на натпреварите.
2.3.4. Предлага претставник за Контролна комисија

2. 4. Контролна комисија

2.4. 1. Врши регистрација на ДП и ДСИ
2.4. 2. Контролната комисија за регистрација се формира пред почетокот на натпреварите
2.4. 3. Комисијата е составена од (3)три члена и тоа :
- претставник од регистрациона комисија на ФУСМ,
- делегатот на натпреварот,
- претставник на домаќинот.

2.4. 4. Комисијата врши проверка и регистрација на натпреварувачката книшка и тоа:
- Идентитет на натпреварувачот, училиште, статусот и годината на раѓање на ученикот;
- лекарски преглед не постар од 6 /шест/ месеци и може да биде заверен од било која здравствена установа (матичен лекар);
- уплата на котизација за регистрација;

2.4. 5. Регистрација на натпреварувачката книшка се врши на лице место пред почетокот на натпреварите.

2.4. Судиска комисија

2.5. 1. Судиската комисија ја формира ИО на ФУСМ и ја сочинуваат 5 (пет) члена.
2.5. 2. Судиската комисија за ДП и ДСИ делегира најмалку по двајца лиценцирани судии за секој спорт во машка и женска конкуренција. По можност судиите или најмалку еден од нив да бидат неутрални од друг град-место кое нема екипа-учесник на ДП или ДСИ.
2.5. 3. Судиската комисија може да организира семинари и обука со полагање за судии по одредени спортови за наставници-професори кои се активни и инволвирани во соодветниот спорт, кои ќе добијат Лиценца за судење на општински, зонски, регионални и државни натпревари и првенства.

2.5. Комисија за жалби

2.6. 1. Комисијата за жалби се формира пред почетокот на натпреварите.
2.6. 2. Комисијата за жалби за ДП е составена од (3)три члена и тоа :
- претставник од домаќинот - претседател,
- претставник од гостите учесници - член,
- претставник од гостите учесници - член.

2.6. 3. Комисијата за жалби на ДСИ е составена од 5(пет) члена и тоа :
- претставник именуван од страна на ФУСМ - претседател
- претставник од домаќинот - член
- претставник од гостите - учесници - член
- претставник од гостите - учесници - член
- претставник од гостите - учесници - член

2.6. 4. Доколку членот на комисијата е со екипата која поднесува жалба, истиот се иззема од работа на комисијата а на негово место доаѓа делегатот на натпреварот
2.6.5. Комисијата ги разгледува поднесените жалби и по истите се произнесува во писмена форма која ја доставува до поднесувачот на жалбата.

2.6. Начин на обжалување

2.7. 1. Жалба може да поднесе само водачот на екипата - наставник.
2.7. 2. Жалбата се најавува со забелешка ставена во записникот од натпреварот, освен за неправилен и нерагуларен настап на играчи.
2.7. 3. Во жалбата треба конкретно да се наведе, на што се жали екипата.
2.7. 4. Жалбата во писмена форма се доставува до Комисијата за жалби во писмена форма со депозит од **2.000,оо денари**.
2.7. 5. Доколку жалбата позитивно се реши, депозитот во целост се враќа на поднесувачот на жалбата, во спротивно средствата остануваат во ФУСМ.

3. ОБВРСКИ НА ДОМАЌИНОТ-ОРГАНИЗАТОР НА ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО И ДРЖАВНИ СПОРТСКИ ИГРИ

3.1. Домаќинот на ДП и ДСИ треба да го обезбеди следното :
- Соодветен спортски објект (сала-стадион) кој ги задоволува и исполнува пропишаните димензии, критериуми и услови за натпревари на соодветниот спорт.
- Да обезбеди редарска служба, која покрај за редот ќе се грижи и за начинот на навивање од страна на публиката.
- Обезбедува половина од потребниот број на лиценцирани судии по спортови.
- Во колку не е во можност да ги обезбеди судиите, за истото ја известува судиската комисија на ФУСМ.

-Ако се организира МОДЕЛ бр. 1 Резервира и обезбедува пансионско сместување во хотел за наставниците-водачи на гостинските екипи, делегатот и судиите од страна.

- Обезбедува сместување на учениците-членови на гостинските екипи во домовите на ученици од училиштата во градот-местото домаќин. Доколку не обезбеди сместување во домовите на ученици, домаќинот-организатор е должен играчите на гостинските екипи да ги смести во интернат или хотел со обезбедена исхрана.
- Обезбедува лекарска служба, присутна за времетраењето на сите натпревари.
- Го известува органот за внатрешни работи за одржувањето на натпреварите.
- Обезбедува соотвеетна иконографија истакната на видливо место и средства за интонација на државната химна пред почетокот на натпреварите.
- Обезбедува пригодни награди
- Обезбедува присуство на средствата за јавно информирање на локално ниво.
- При организирање на ДСИ и меѓународни манифестации, домаќинот обезбедува услови за изготвување и издавање на билтен и снимени материјали (од отворањето и финалните натпревари).
- На домаќинот-организатор на ДП или ДСИ кој не обезбедил редарска служба и каде за време на натпреварите публиката недолично навива и се случуваат инциденти, ќе му биде ускратено правото на организирање на наредни првенства во траење што ќе го определат надлежните телата и органи на ФУСМ.

4. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЕКИПИТЕ УЧЕСНИЧКИ НА ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО И ДРЖАВНИ СПОРТСКИ ИГРИ

4.1. Права на екипите

4.1.1. Бројот на играчи во екипните спортови се определува според правилата на соодветниот спортски сојуз и тоа :

Спорт	Екипа	Во игра	Спорт	Екипа	Во игра
КОШАРКА	12 (5 + 7)	5	ФУТСАЛ	10 (5 + 5)	4 + 1
РАКОМЕТ	14 (7 + 7)	6 + 1	ФУДБАЛ - машки	16 (11+5)	10 + 1
ОДБОЈКА	12 (6 + 6)	6	ФУДБАЛ - женски	14 (8 + 6)	7 + 1

4.1. 2. Ученикот има право да настапува во повеќе спортови.

4.1. 3. Право на учество имаат сите ученици, кои на почетокот на тековната учебна година се запишале како редовни и вонредни ученици и кои не се постари од :

15 години - основни училишта и 19 години - средни училишта

**** Старосната граница на учениците-учесници на ДП и ДСИ ќе биде определена во Календарот за натпревари за секоја тековна натпреварувачка сезона.***

4.1. 4. Екипата ја водат еден или двајца наставници, вработени во училиштето со писмено овластување од страна на директорот на училиштето. Екипата може да ја водат и други надворешни лица со соодветно образование и со предходна согласност од предметниот наставник и писмено овластување од страна на директорот на училиштето.

4.1. 5. Еден наставник-професор има право да води екипи во повеќе спортови.

НАПОМЕНА: ***Првиот наставник-водач на гостинските екипи е на товар на ФУСМ, а вториот е на товар на училиштето кое ја испраќа екипата на натпревар.***

4.2. Обврски на екипите

4.2. 1. Идентитетот на ученикот-натпреварувач се докажува со натпреварувачка книшка заверена за тековната учебна година и тековната натпреварувачка сезона.

На натпреварувачката книшка на видно место обавезно да е напишан матичен број од главната книга во училиштето.

4.2. 2. Секој ученик-натпреварувач, мора да е лекарски прегледан. Прегледот да е заверен во натпреварувачката книшка и да не е постар од 6 (шест) месеци. Лекарскиот преглед може да биде заверен од било која здравствена установа (матичен лекар).

4.2.3. Натпреварувачките книшки од двете екипи, пред почетокот и за време на натпреварот мора да бидат на записничка маса.

4.2. 4. Екипата која треба да се натпреварува, најмалку 20 минути пред почетокот на натпреварот треба да се пријави на записничка маса.

4.2. 5. За време на натпреварите, натпреварувачите се облечени во спортски дрес според соответната спортска дисациплина, обележен со број.

4.2. 6. Екипата или поединец, кои обезбедиле право на учество на ДП или ДСИ, учество на истите треба да го потврдат во ФУСМ најдоцна 7 (седум) дена пред почетокот на натпреварите.

4.2. 7. Доколку ФУСМ, не обезбеди средства, тогаш учесниците на ДП или ДСИ (екипа или поединец) треба да уплатат средства за регистрација (котизација) на жиро сметка на домаќинот

4.2. 8. Наставниците-водачи на екипите, одговорни се за однесувањето на нивните ученици за време престојот во местото на одржување на ДП или ДСИ, како на натпреварите така и кога се во својство на публика.

5. СТЕКНУВАЊЕ ПРАВО ЗА УЧЕСТВО НА ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО И ДРЖАВНИ СПОРТСКИ ИГРИ

5.1. Државни првенства - поединечни спортови

5.1. 1. За натпреварите во индивидуалните спортови на ДП секоја општина има право да ги пријави најдобро пласираните на општинските натпревари и тоа :

- **Атлетика:** Првите 3 од секоја дисциплина и штафета 4 натпреварувачи (дококу не се одржат регионални првенства)
- **Пинг-понг :** Првите 3 во машка и првите 2 во женска конкуренција
- **Борење сл.стил :** Првите 2 од секоја категорија
- **Ш а х:** Првите 3 во машка и женска конкуренција
- **Алпско скијање :** Првите 3 во машка и женска конкуренција
- **Стрелаштво:** Првите 3 во машка и женска конкуренција
- **Пливање:** Првите 3 во машка и женска конкуренција
- **Спорска гимнастика:** Првите 3 во машка и женска конкуренција
- **Карате:** Првите 3 во машка и женска конкуренција по категории (5-6 одд., 7-8 одд., 1-2 год. и 3-4 год.)
- **Тенис:** Првите 3 во машка и женска конкуренција
- **Кајак:** Првите 3 во машка и женска конкуренција.

Со интерен прелог од натпреварувачката комисија и со Одлука на ИО на ФУСМ, првенствата можат да бидат од Отворен OPEN систем.

5.2. Државни Спортски Игри - поедиечни спортови

ДРЖАВНИ СПОРТСКИ ИГРИ - основни училишта
ГИМНАЗИЈАДА - средни училишта

5.2. 1. На ДСИ право на учество имаат најдобро пласираните поединци и тоа :

- Атлетика: Првите 2 од секоја дисциплина на општинските натпревари плус 4 за штафета.
- Скопскиот регион - првите 3 натпреварувачи од секоја општина плус 4 за штафета.

**** Составот на екипата за штафета е од едно училиште***

5. 3. Државни првенства и Државни Спортски Игри - Екипни спортови

5.3. 1. Во однос на кој МОДЕЛ ќе се игра на ДП и ДСИ во екипните спортови во машка и женска конкуренција учествуваат екипи од Скопски, Источен и Западен регион, кои правото за учество го обезбедуваат со одигрување на регионални натпревари.
5.3. 2. На ДП и ДСИ во натпреварите во Фудбал учествуваат 4 (четири) екипи, и тоа: екипата на домаќинот-организатор и по една екипа претставник-победник од трите региони (Скопски, Источен и Западен). Натпреварувањето се одвива во еден ден, со вкупно четири натпревари (два полуфинални, натпревар за 3-4 место и финален натпревар).
5.3. 4. Доколку некоја од екипите пласирани на ДП и ДСИ се откаже од учество благовремено неколку дена пред ДП и ДСИ, тогаш на нејзино место учествува второ пласираната екипа од истиот регион.За сите други непосредни откажувања пред натпреварите, се предлага екипа со одлука на соодветниот регион.
5.3. 5. Квалификационите натпревари за учество на ДП и ДСИ ќе се одиграат во рамките на регионот .
5.3. 6. Во присуство на екипите-претставници од сите зони се врши жребување за регионалните натпревари.
5.3. 7. Регистрираните 12(дванаесет) зони поделени се во три региони: ИСТОЧЕН , ЗАПАДЕН и СКОПСКИ РЕГИОН.

ИСТОЧЕН РЕГИОН

Зона СТРУМИЦА:

1. **Струмица, Ново Село, Василево и Босилово;**
2. **Радовиш и Конче;**
3. **Штип и Карбинци.**

Зона КУМАНОВО:

1. **Куманово, Старо Нагоричане и Липково;**
2. **Свети Николе и Пробиштип;**
3. **Кратово, Ранковце и Крива Паланка.**

Зона ВЕЛЕС:

1. **Велес, Чашка, Лозово и Градско;**
2. **Гевгелија;**
3. **Богданци, Дојран и Валандово.**

Зона КОЧАНИ:

1. **Кочани, Чешиново-Облешево и Зрновци;**
2. **Виница и Македонска Каменица;**
3. **Делчево, Берово и Пехчево.**

ЗАПАДЕН РЕГИОН

Зона ПРИЛЕП:

1. **Прилеп, Кривогаштани и Долнени;**
2. **Кавадарци и Росоман;**
3. **Неготино и Демир Капија.**

Зона БИТОЛА:

1. **Битола, Новаци и Могила;**
2. **Крушево и Демир Хисар;**
3. **Ресен.**

Зона ОХРИД:

1. **Охрид и Дебарца;**
2. **Струга и Вевчани;**
3. **Кичево, Македонски Брод и Пласница.**

Зона ТЕТОВО:

1. **Тетово, Брвеница, Желино, Боговиње, Теарце и Јегуновце;**
2. **Гостивар и Врапчиште;**
3. **Дебар, Жупа и Маврово-Ростуше.**

СКОПСКИ РЕГИОН

Зона ИСТОК:

1. **Гази Баба;**
2. **Илинден и Петровец;**
3. **Арачиново.**

Зона ЗАПАД:

1. **Карпош;**
2. **Центар;**
3. **Ѓорче Петров и Сарај.**

Зона СЕВЕР:

1. **Чаир;**
2. **Бутел;**
3. **Шуто Оризари и Чучер Сандево.**

Зона ЈУГ:

1. **Кисела Вода;**
2. **Аеродром;**
3. **Студеничани, Сопиште и Зелениково.**

6. МОДЕЛИ НА НАТПРЕВАРИ

6.1. Модел на натпревари на ДП и ДСИ

МОДЕЛ бр. 1

6.1. 1. На ДП и ДСИ се игра по Бергеров систем (две групи од по три екипи)

- Се игра еднокружен бод систем n x (n -1)/2 = број на натпревари.
- При затворен круг (ист број на бодови) пласманот се одредува според пропозициите од соодветните спортски сојузи.

6.1. 2. Натпреварите се одржуваат по следниот редослед :

Натпреварите на ДП и ДСИ се играат во две групи (А и Б) а во секоја група се игра по еднокружен бод систем (секој со секого)

6.1. 3. Делегатот на ДП и ДСИ може да дозволи да се определат носители на групите. Ова право може да се користи ако за него позитивно јавно се изјаснат сите учесници.

Група А

А-1; А-2; А-3;

Натпревар број 1:	А-1 : А-2
Натпревар број 3:	А-2 : А-3
Натпревар број 5:	А-1 : А-3
Натпревар број 7:	1 / А : 2 / Б
Натпревар број 9:	3 / А : 3 / Б
Натпревар број 10:	Поразени од 7 и 8
Натпревар број 11:	Победници од 7 и 8

Група Б

Б-1; Б-2; Б-3;

Натпревар број 2:	Б-1 : Б-2
Натпревар број 4:	Б-2 : Б-3
Натпревар број 6:	Б-1 : Б-3
Натпревар број 8:	2 / А : 1 / Б

- пласман за (5 - 6) место
- пласман за (3 - 4) место
- пласман за (1 - 2) место

- Во полуфиналните и финалните натпревари, при нерешен резултат победникот се добива според пропозициите на соодветниот спортски сојуз.

МОДЕЛ бр 2

Државните училишни првенства се составени од по 6 (шест) екипи, односно, по 2 (две) екипи од трите региони, поточно, двете првопласирани екипи на трите Регионални првенства. Државните првенства се играат во **ЕДНОКРУЖЕН** бод систем со ТРИ турнири (по еден турнир во трите региони) и вкупно 15 натпревари. Доколку во категоријата ОСНОВНИ училишта, некој или соседни општински сојузи се пријават за домаќини и организатори на Државните училишни игри – Олимпијада за основни училишта во траење на три дена, тогаш Државните првенства ќе се одржат на следниот начин. Првиот и вториот турнир ќе се одржат во два града од двата региони, а третиот турнир ќе се одржи во градот домаќин на Олимпијадата за основни училишта и плус во истиот град ќе се одржи завршен ПЛЕЈОФ турнир. Одржувањето на Државните првенства ќе се реализира во месеците: Април и Мај во тековната учебна година

МОДЕЛ бр 3

Победниците од трите Региони, играат на еден ТУРНИР, во ЕДНОКРУЖЕН бод систем Одржувањето на Државните првенства ќе се реализира во месеците: Април и Мај во тековната учебна година

За кој систем ќе се применува на ДП И ДСИ во тековната учебна година,,одлука донесува УО на ФУСМ

7. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ И ЗАСТАПЕНИ ДИСЦИПЛИНИ

7. 1. Кошарка

а) Основни училишта

- женски: 4 х 6 минути на натпреварите во групи, а полуфинални и финални натпревари 4 х 7 минути.
- машки: 4 х 6 минути на натпреварите во групи, а полуфинални и финални натпревари 4 х 7 минути.
- Помеѓу прва и втора и трета и четврта четвртина одморот трае 2 мин. а помеѓу втора и трета четвртина одморот трае 5 мин.
- При нерешен резултат натпреварот се продолжува по 3 мин. се додека не се добие победникот.

б) Средни училишта

- женски: 4 х 7 минути на натпреварите во групи, а полуфинални и финални натпревари 4 х 8 минути.

- машки: 4 х 7 минути на натпреварите во групи, а полуфинални и финални натпревари 4 х 8 минути.

- Помеѓу прва и втора и трета и четврта четвртина одморот трае 2 мин. а помеѓу втора и трета четвртина одморот трае 5 мин.

- При нерешен резултат натпреварот се продолжува по 3 мин. се додека не се добие победникот.

Во еднодневните турнирски натпревари се применува времетраењето ка за полуфиналните и финалните натпревари

7. 2. Ракомет

а) Основни училишта

- женски: 2 х 15 мин. на натпреварите во групи, а полуфинални и финални натпревари 2 х 20 мин. со 5 мин. одмор на полувремето.
- машки: 2 х 15 мин. на натпреварите во групи, а полуфинални и финални натпревари 2 х 20 мин. со 5 мин. одмор на полувремето.

- При нерешен резултат натпреварот се продолжува два пати по 3 мин. при повторен нерешен резултат се изведуваат по 5 пенали. Ако и после ова резултатот е нерешен се изведува по еден пенал наизменично се додека не се добие победникот.

б) Средни училишта

- женски: 2 х 20 мин. на натпреварите во групи, а полуфинални и финални натпревари 2 х 25 мин. со 5 мин. одмор на полувремето.
- машки: 2 х 20 мин. на натпреварите во групи, а полуфинални и финални натпревари 2 х 25 мин. со 5 мин. одмор на полувремето.

- При нерешен резултат натпреварот се продолжува два пати по 3 мин. при повторен нерешен резултат се изведуваат по 5 пенали. Ако и после ова резултатот е нерешен се изведува по еден пенал наизменично се додека не се добие победникот.

НАПОМЕНА : Во разигрувањето по групи во СИСТЕМ бр. 1 ,може да се регистрира и нерешен резултат. Исклучувањето на играчите е една минута

Во еднодневните турнирски натпревари се применува времетраењето ка за полуфиналните и финалните натпревари

7. 3. Одбојка

Основните и средните училишта играат во два добиени сета до 25 поени а третиот тај-брејк сет се игра до 15 поени

Финалниот натпревар за средни училишта се игра во 3 /три/ добиени сета.

7. 4. Пинг - понг

Основни и средни училишта играат во два добиени сета.Полуфинале и финале,во три добиени сета

7. 5. Атлетика

а) Основни училишта

Застапени дисциплини:

	Машки		Женски
1.	100 м.	1.	100 м.
2.	300 м	2.	300 м.
3.	800 м	3.	600 м.
4.	Скок во височина	4.	Скок во височина
5.	Скок во далечина	5.	Скок во далечина
6.	Фрлање ѓуле 4 кг	6.	Фрлање ѓуле 3 кг
7.	Штафета 4 х 100 м.	7.	Штафета 4 х 100 м.

б) Средни училишта

Застапени дисциплини:

	Машки		Женски
1.	100 м.	1.	100 м.
2.	400 м	2.	400 м.
3.	1000 м	3.	800 м.
4.	Скок во височина	4.	Скок во височина
5.	Скок во далечина	5.	Скок во далечина за
6.	Фрлање |уле 7,260 кг	6.	Фрлање |уле 4 кг
7.	Штафета 4 х 100 м.	7.	Штафета 4 х 100 м.

НАПОМЕНА:

- Во дисциплината трчање на 100 м. се одржуваат квалификациони трки, а 6 (односно 8) натпреварувачи во зависност од бројот на тркачките патеки, се пласираат за во "А" финале врз основа на постигнатиот резултат и пласман.
- Во останатите тркачки дисциплини, пласманот се одредува врз основа постигнаиот резултат во групата.
- Во случај на повеќе пријавени натпрев арувачи во одредени дисциплини, организаторот во договор со техничкиот делегат на натпреварот, го задржуваат правото на одлука за одржување и квалификации.
- Во дисциплините Скок во далечина и Фрлање ѓуле, во случај кога има повеќе од 8 натпреварувачи, сите натпреварувачи имаат право на 3 /три/ обиди. Осумте натпреварувачи со најдобар резултат, имаат право на по уште три обиди.

ОГРАНИЧУВАЊЕ :

Средни училишта - машки-женски:
- Натпреварувачите можат да настапат во две дисциплини и една штафета
- Натпреварувач/ка кој/а ќе учествува на трка на 800 м. или подолга дисциплина на трчање во еден ден, не може да настапи во друга дисциплина освен во штафета.

Основни училишта - машки-женски:
- Натпреварувачите можат да настапат во две дисциплини и една штафета.
- Натпреварувач/ка кој/а ќе учествува на 600 м. или подолга тркачка дисциплина во еден ден, не може да настапат во друга дисциплина освен во штафета.

7. 6. Футсал

7.6.1. а) Основни училишта
Времетраење на натпреварите: 2 х 15 мин. одмор 5 мин.
б) Средни училишта
Времетраење на натпреварите: 2 х 20 мин. одмор 5 мин.

7.6.2. При нерешен резултат се изведуваат по 5 пенали. Ако и после петте пенали резултатот е нерешен се изведува по еден пенал наизменично се до добивање на победникот.

7.6.3. За победа во регуларниот дел од натпреварот, победничката екипа добива 3 (три) бода а поразената екипа 0 (нула) бодови. За победа на пенали, победничката екипа добива 2 (два) бода а поразената екипа 1 (еден) бод.

7.6.4. Исклучувањето на играчите е една минута.

7.6.5. При ист број на бодови на две екипи, решава резултатот на нивниот меѓусебен натпревар. Доколку и трите натпревари во групата завршиле со нерешен резултат, за нивниот пласман решава која екипа постигнала повеќе голови, а ако и тоа е исто, тогаш решава гол разликата од изведувањето на пеналите.

7.7. Ф у д б а л

7.7.1. Времетраење на натпреварите:

а. Основни училишта: 2 х 25 мин со одмор на полувремето од 10 мин.

б. Средни училишта: 2 х 35 мин со одмор на полувремето од 10 мин.

7.7.2. Натпреварите во машка конкуренција за основни и средни училишта се играат на голем терен со 10 играчи и голман. Натпреварите во женска конкуренција за основни и средни училишта се играат на половина терен и помали голови со 7 играчи и голман.

7.7.3. Измените на играчи во текот на еден натпревар во машка и женска конкуренција, се неограничени како во ракометот.

7.7.2. При нерешен резултат се изведуваат по 5 пенали. Ако и после пеналите резултатот е нерешен се изведува по еден пенал наизменично се до добивање на победникот.

7. 8. Ш а х

- Првенството се игра по швајцарски систем, кружна варијанта од 5 кола.
- Темпо на играње 15 мин. за секој играч или 3 мин. за цела партија.

а) Бухолцов систем

б) Поголем број победи

в) Резултат од меѓусебна средба

г) Сонебери-Бергеров систем

- Се игра според правилникот на ФИДЕ за 30 мин. шах.

7. 9. Борење во слободен стил

- Натпреварите се одржуваат по меѓународните правила во следните категории :

29-32; 35, 38, 42, 47, 53, 59, 66, 73 и до 85 кг.

7. 10. Карате - кати

- Елиминациите се изведуваат со двокружен систем
- За елиминации и финале се изведуваат две кати по избор
- Натпреварите се изведуваат по правилата на КФМ.

7.11. Алпско скијање

- Натпреварите се во Велеслалом

7.12 Ц у д о

Тежински категории машки: 28, 31, 34, 38, 42, 46, 50, 55, 60, 66, 73,+73 кгр.

Траење на борбите: 3 минути.

Системот по кој ќе се натпреваруваат спортистите ќе зависи од бројот на спортисти пријавени во секоја категорија.

7.13. Нови спортски дисциплини

- Со одлука на ИО на ФУСМ во текот на годината можат да се одржуваат натпревари и во други спортски дисциплини.

7.14. Со посебна одлука на ИО на ФУСМ за тековната година, за категоријата 6-7 одделение, може да се организираат ДП со првопласираните екипи на регионалните првенства

8. МЕЃУНАРОДНИ СРЕДБИ

8.1. Интернационална федерација на училишниот спорт ИСФ организира : меѓународни спортски натпревари и манифестации

8.1. 1. Под покровителство на ИСФ се организираат Светски првенства за средните училишта во екипните спортови: Фудбал, кошарка, ракомет и одбојка на секои две години. На натпреварите учествуваат ученички и ученици на односните средни училишта.

Под покровителство на ИСФ се организираат Светски првенства во: Крос кантри, пливање, скијање, пинг-понг, гимнастика, лесна гимнастика и атлетика.

ИСФ организира Светско првенство U-15

ИСФ организира Гиманзијади на секои 4 години.

ИСФ организира "Европски училишни спортски игри" и "Пацифички игри"

8.1. 2. **ИСФ** Терминскиот календар го испраќа до сите нејзини членки за претстојните спортски натпревари и манифестации за наредните две години.

8.1. 3. Земјата организатор на спортските натпревари, под покровителство на ИСФ испраќа покана за учество до сите земји членки.

8.2. Право на настап на меѓународни натпревари

8.2. 1. На меѓународните натпревари право на учество имаат прво пласираните екипи од ДП и ДСИ.

8.2. 2. Пријавувањето на екипите за учество на натпреварите го врши ФУСМ.

8.2. 3. Трошоците за учество на меѓународен натпревар се на товар на пласираната екипа.

8.2. 4. ФУСМ одредува водач на екипата пласирана за меѓународен натпревар за кој ги сноси трошоците.

8.2. 5. Доколку првопласираната екипа која има право на учество на меѓународниот натпревар го откаже своето учество, право на учество има наредно пласираната екипа.

9. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

9.1. Екипна конкуренција

9.1.1. Трите првопласирани екипи на Државните првенства добиваат пехар, а натпреварувачите, наставникот-професорот и училиштето добиваат диплома. Останатите екипи добиваат само диплома за учество.

9.1.2. На ДСИ за основни училишта и Гимназијадите за средни училишта, трите првопласирани екипи покрај пехар и дипломи добиваат и медали. Останатите екипи добиваат само диплома за учество.

9.2. Поединечна конкуренција

Првите три места во секоја дисциплина се наградуваат со медал и диплома.

9.3. Летен училишен спортски камп

Од секое ДП и ДСИ во екипните спортови (футсал, кошарка, одбојка и ракомет) се избираат по 10 (десет) најистакнати играчи во машка и женска конкуренција, и тоа: три играчи од првопласираната екипа, по два играчи од второ и третопласираните екипи и по еден играч од четврто, петто и шестопласираните екипи, кои бесплатно на сметка на ФУСМ ќе учествуваат на Летниот училишен спортски камп што го организира ФУСМ. Од ДП кои се организираат си четири екипи, на Летниот камп учествуваат: 4 (четири) играчи од првопласираната и по 2 (два) играчи од второ, трето и четврто пласираната екипа. Наставниците-професори водачи на првопласираните екипи, исто така, бесплатно ќе учествуваат на Летниот камп. Доколку наставникот на првопласираната екипа не може да учествува на Летниот камп, на негово место учествува наставникот на второпласираната екипа.

Од поединечните спортови: атлетика, борење, карате, џудо, пингпонг, шах и стрелаштво, на Летниот камп учествуваат само првопласираните ученици-натпреварувачи во машка и женска конкуренција во соодветнитер категории и дисциплини на соодветниот спорт. Стручната работа во поединечните спортови се организира во соработка со соодветните спортски федерации.

9.4 Летни училишни спортски игри(ЛУСИ)

Како алтернативна варијанта, дококу од било кава вонредна ситуација, ФУСМ, не е во можност да организра систем на натпревари, во најпогоден момент во летниот период , Се организираат ЛУСИ, во четирите спортови, ФУТСАЛ,КОШАРКА,РАКОМЕТ,ОДБОЈКА, и тоа за основни и за средни училишта, и во машка и во женска конкуренција, по една екипа од секој Регион, во секоја конкуренција. Изборот на екипите ги врши соодветниот Регионален сојуз.

9.5. Наставници - професори

Тренерите на екипите (наставниици-професори) учесници на ДП и ДСИ во екипните спортови ќе бидат финансиски наградени со посебна одлука на Извршниот одбор на ФУСМ, а водачите на трите првопласирани екипи ќе бидат наградени со платен семинар за стручно усовршување.

Во индивидуалните спортови исто така со одлука на ИО на ФУСМ се наградуваат тренерите (наставници-професори) на освојувачите на трите први места, доколку се обезбедат финансиски средства за тоа.

Со одлука на ФУСМ, во детален прилог е доставено финасирањето за спортовите КОШАРКА, РАКОМЕТ,ОДБОЈКА И ФУТСАЛ, за Зонските,Регионалните и ДП и ДСИ

ФИНАНСИРАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ПРВЕНСТВА

Финансиски трансакции и исплата на службени лица

Финансиските средствата наменети за првенствата се префрлаат од ФУСМ до **регионалните сојузи** во бруто износ со персонален данок од 10%.

Овие средствата од **регионалните сојузи** се префрлаат на службените лица од првенството преку трансакциска сметка на секој учесник или по завршување на првенството преку, делегатите или домаќините со исплата во готово на лице место со потпис.

Ако не се обезбеди лекар на лице место, тогаш се обезбедува лекар на повик по цена 50% помала од нормативот за финансирање на еден натпревар. Другите 50% од ставката лекар се исплаќаат на лицето обучено за давање прва помош кое било присутно на натпреварите.

Доколку некоја лига се откаже, тогаш средставата ќе се пренаменат за друг модел на натпревари по принципот - секој со секого.

Исплата на гостински екипи за превоз

Според нормативот за финансирање на еден натпревар, партиципацијата за превоз во зависност од вкупниот број на натпревари на турнирот, се исплаќа по километар на следниот начин:

Пример 1.

За источен и западен регион

Турнир со 4 екипи со вкупно 3 натпревари од кои 3 се гостински

Гостинска екипа 1 изминала = 80 км, Гостинска 2 = 60 км, Гостинска 3 = 70 км, што значи, Вкупно = 210 км, така што првата гостинска екипа од вкупната сума ќе добие 38,1%. Пресметката се врши со пропорција на следниот начин: 210 км = 100%, а 80 км = X %, односно **(80 x 100)/210 = 38,1%.**Втората гостинска екипа ќе добие 28.6% и третата 33.3%. Бидејќи на турнирот има вкупно 3 натпревари, тогаш вкупната сума за превоз е:
3 натпревари x 750 ден = 2250 ден.
Првата гостинска екипа ќе добие 857 ден (2250 = 100%, а X = 38,1%, односно **2250 x 38,1%)/100 = 857 ден.**, втората гостинска екипа ќе добие 644 ден. и третата 749 ден. (или заокружено, првата 857 ден., втората 644 ден. и третата 749 ден.).

Пример 2.
За скопски регион
Турнир со 4 екипи со вкупно 3 натпревари од кои 3 се гостински
Гостинска екипа 1 изминала = 15 км, Гостинска 2 = 20 км, Гостинска 3 = 8 км, односно, Вкупно = 43 км, што значи првата гостинска екипа од вкупната сума ќе добие 34,9%, втората 46,5% и третата 18,6%.
Бидејќи на турнирот има вкупно 3 натпревари, тогаш вкупната сума за превоз е:
3 натпревари x 250 ден = 750 ден.
Првата гостинска екипа ќе добие 262 ден, втората 349 ден и третата 139 ден.

ПРИЛОГ:

Табела 1. Основен норматив (стандард) за организирање и финансирање на **еден** натпревар во спортските игри на **Зонско и Регионално** ниво

Партиципација за превоз / **Службени лица**	**ЦЕНА**	**ИСТОЧЕН РЕГИОН**	**ЗАПАДЕН РЕГИОН**	**СКОПСКИ РЕГИОН**
Наставник/професор	2 x 400	800	800	800
Домаќин	1 x 250	250	250	250
Делегат	1 x 300	300	250	250
Судија	1 x 250	250	250	250
Записничар/мерач на време	1 x 50	50	50	50
Лекар	1 x 150	150	150	150
Партиципација за превоз		750	750	250
ВКУПНО (НЕТО)		**2.550**	**2.550**	**2.050**
ВКУПНО (БРУТО) + 10% данок		**2.850**	**2.850**	**2.300**

НАПОМЕНА: *Ако екипите учеснички на првенството (зонско или регионално) се од иста општина(град), средства за превоз нема да се исплаќаат.*

Табела 2. Финансиски норматив за **Зонски** првенства за **ИСТОК, ЗАПАД** и **СКОПЈЕ**

Модел / **Регион**	**Зонско првенство 3 екипи, 3 натпревари**		**Зонски првенства во една зона Вкупно 16 првенства**	
	БРУТО (ден)	**НЕТО (ден)**	**БРУТО (ден)**	**НЕТО (ден)**
ИСТОК-ЗАПАД	**3 x 2.850 = 8.550**	**3 x 2.550 = 7.650**	**16 x 8.550 = 136.800**	**16 x 7.650 = 122.400**
СКОПЈЕ	**3 x 2.300 = 6.900**	**3 x 2.050 = 6.150**	**16 x 6.900 = 110.400**	**16 x 6.150 = 98.400**

Табела 3. Финансиски норматив за **Регионални** првенства за **ИСТОК, ЗАПАД** и **СКОПЈЕ** во **КУП** систем на натпревари

Модел / **Регион**	**Регионално првенство 4 екипи, 4 натпревари**		**Регионални првенства во еден регион Вкупно 16 првенства**	
	БРУТО (ден)	**НЕТО (ден)**	**БРУТО (ден)**	**НЕТО (ден)**
ИСТОК-ЗАПАД	**4 x 2.850 =11.400**	**4 x 2.550 =10.200**	**16 x 11.400 = 182.400**	**16 x 10.200 = 163.200**
СКОПЈЕ	**4 x 2.300 = 9.200**	**4 x 2.050 = 8.200**	**16 x 9.200 = 147.200**	**16 x 8.200 = 131.200**

Табела 4. Финансиски норматив за **Регионални** првенства за **ИСТОК, ЗАПАД** и **СКОПЈЕ** во **БОД** систем на натпревари

Модел / Регион	Регионално првенство 4 екипи, 6 натпревари		Регионални првенства во еден регион Вкупно 16 првенства	
	БРУТО (ден)	НЕТО (ден)	БРУТО (ден)	НЕТО (ден)
ИСТОК-ЗАПАД	6 x 2.850 =17.100	6 x 2.550 =15.300	16 x 17.100 = 273.600	16 x 15.300 = 244.800
СКОПЈЕ	6 x 2.300 =13.800	6 x 2.050 =12.300	16 x 13.800 = 220.800	16 x 13.800 = 220.800

Табела 5. Основен норматив (стандард) за организирање и финансирање на еден натпревар во спортските лиги на **Државно ниво**

Партиципација за превоз / Службени лица	ЦЕНА	И З Н О С денари
Наставник/професор	2 x 500	1.000
Домаќин	1 x 250	250
Делегат	1 x 300	300
Судии	2 x 250	500
Записничар / мерачна време	1 x 100	100
Лекар	1 x 200	200
Партиципација за превоз		1.500
ВКУПНО (НЕТО)		3.850
ВКУПНО (БРУТО)+10% данок		4.300

Табела 6. Финансиски норматив за **Државни** првенства во БОД систем на натпревари

Модел	Државно првенство со 6 екипи и 15 натпревари	
	БРУТО (ден)	НЕТО (ден)
ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО	64.500	57.750

ИЗВРШЕН ОДБОР НА ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА
П р е т с е д а т е л,
Проф.д-р Александар Туфекчиевски с.р.